ADING

# АДИНГФЛЕКС

*Готова смеса за изведба на еластична хидроизолација на акрилатна основа*

## Област на примена:

За хидроизолација на базени, подрумски ѕидни и подни површини, балкони, рамни покриви, санитарни јазли, кујни, перални, вкопани бетонски елементи и сл.

## Својства:

- Еднокомпонентна пастозна смеса;
- Одлична еластичност;
- UV-стабилен;
- Нетоксичен;
- Бактериолошки отпорен;
- Едноставен за изведба;
- Одлична адхезија за подлога;
- Економичен;
- Се произведува во бела, сива, теракота и сина боја.

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Волуменска маса: | 1,25 - 1,38 гр/см$^3$ |
| Содржина на сува материја: | 68 ±2% |
| Атхезиона јакост: | > 1,5 МПа |
| Време на сушење при 20°C: | 4 часа |
| Температура при експлоатација: | - 20°C до +80°C |
| Издолжување при кинење при 20°: | 180% |
| pH-: | 8-9 |

## Подготовка на подлогата:

Адингфлекс се нанесува врз бетон, цементен малтер, или гипскартонски плочи. Подлогата треба да е здрава, чиста, обезмастена и обеспрашена без сегрегирани места и пукнатини. Доколку подлогата има сегрегирани места или пукнатини, истите треба да се санираат со Репаратур Малтер или епоксиден кит Адингпокс-К. Влажноста на подлогата треба да е мах. 7%, а температурата на подлогата од 5°C до 35°C.

## Вградување:

Вградувањето се врши со четка или јарец во три слоја.
За добивање на квалитетен заштитен нанос, смесата треба да се нанесе во правилна сувослојна дебелина.
Материјалот за првиот слој се разредува со додавање на 20% вода и се меша со бавен мешач до потполна хомогенизација. Првиот нанос кој наедно претставува и претпремаз, се остава да исуши за да се нанесе наредниот. При нанесување на вториот и третиот нанос, материјалот се промешува пред употреба. Доколку се нанесува со четка, третиот нанос се нанесува во нормален правец (90°) во однос на вториот за да се добие уеднaчен заштитен систем. Вкупната сувослојна дебелина на системот треба да изнесува најмалку 0,6 до 0,8 мм. Обработените површини треба да бидат заштитени од врнежи, силен провев и мрзнење во период од минимум 48 часа.
Во случај на подлога на која се очекуваат поголеми деформации и појава на пукнатини, заради поголема сигурност, Адингфлекс се препорачува да се вгради со стаклена мрежичка Адингтерм М/Х како арматура на хидроизолациониот слој. Мрежичката се втиснува со глетарка во првиот нанос веднаш по нанесувањето. Со вториот и третиот нанос се порамнува-исполнува дебелината на мрежичката, со што се добива монолитна површина на хидроизолацијата.

## Потрошувачка:

За три слоја 1,2 до 1,5 кг/м$^2$
Кога изолацијата се армира со мрежичка
За три слоја 1,8 до 2 кг/м$^2$

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## Пакување:

Во пластични канти од 4 и 20 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа. Во суви простории, на температура од минимум 5°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар:
Адингфлекс е незапалив
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Адингфлекс се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*